**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник на Град Скопје |
| ИЗГОТВУВАЧ: | Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации |
| ПРЕСТАВНИК: | Ловрен Маркиќ<br>Раководител на Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации |

**Предлог-Програма**
**за активностите на Град Скопје за**
**соработка со здруженија и фондации**
**во 2022 година**

Скопје,  Февруари 2022 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на РМ “ број 5/02), Советот на Град Скопје на ________________ седница, одржан на _______ 2022 година, донесе

**Програма**
**за активностите на Град Скопје за**
**соработка со здруженија и фондации**
**во 2022 година**

**1.** Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2022 година, целите, приоритетите и активностите во областа на соработка на Град Скопје со здруженијата и фондациите.

**2.** Во тек на 2022 година Градот Скопје ќе ги реализира своите приоритети и цели во делот на соработка и поддршка на здруженија и фондации преку следните активности:

- Поддршка на проекти и манифестации на здруженија и фондации преку Јавен повик

  рок: февруари до декември 2022 г.

  предвидени средства во буџет: 3.000.000,00 денари

- Обновување на инвентарот и опремата за НВО центарот и поставување на опрема за пренос во живо (стриминг)

  рок: мај 2022 година
  предвидени средства во буџет: 900.000,00 денари

- оддржување на Интернет страната наменета за граѓанските здруженија во Град Скопје т.н.НВО Порта

  рок: континуирано

- оддржување на фејсбук групата наменета за граѓанските здруженија во Град Скопје т.н. Порта

  рок: континуирано

- оддржување на квартални средби со Граѓанските организации

рок: континуирано

- Организирање на настан каде ќе се промовираат поддржаните проекти пред градската администрација и Советот на Град Скопје

рок: декември 2022

3. **Трансферот кон невладини организации за реализација на проекти од интерес на Град Скопје, ќе биде насочен кон финансирање иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија и фондации, преку грантови во следните приоритетни области:**

| Приоритетна област | Вкупен износ (во денари) |
|---|---|
| | 2.500.000,00 |

- Поддршка на проекти за подигнување на свеста преку кампањи и друг вид на иницијативи (локални акции) за: користење на јавниот превоз од страна на граѓаните, користење на велосипедот како превозно средство, подигање на свеста за јавната хигиена, начини на загревање на домаќинствата и заштеди преку мерки на енергетска ефикасност.

- Поддршка на проекти од сферата на унапредување на животната средина (загадување на воздухот, водите, почвата, јавни зелени површини, користење на обновливи извори енергија, итн) и ублажување на ефектите од климатските промени.

- Ко-финансирање на проекти финансирани од Европските програми, меѓународни и

регионални донатори, а кои се од надлежност и интерес на Град Скопје

- Поддршка на проекти и иницијативи за социјално претприемништво

Минимален износ: 80.000,00 денари
Максимален износ: 300.000,00 денари

**4. Поддршка на манифестации преку грантови:**

| Приоритетна област | Вкупен износ (во денари) |
|---|---|
| | 500.000,00 |

- Поддршка на манифестации поврзани со заштита на животната средина
- Поддршка на манифестации за одбележување на денови од областа на здравството
- Поддршка на манифестации и настани од важност на Град Скопје
- Ден на здруженија и фондации

Минимален износ: 60.000,00 денари
Максимален износ: 150.000,00 денари

5. Постапката за распределување на средствата од точка 3 и 4 од оваа Програма ќе се спроведе преку единствен Јавен повик за прибирање на барања за користење на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2022 година, наменети за финансирање на иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија и фондации.

**6.** Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно точка 3 од оваа Програма, по завршувањето на своите активности ќе доставaт извештај за користењето на средствата до Секторот за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации, најдоцна до 11.12.2022 година.

**7.** Активностите на Градот Скопје од областа на соработка и поддршка на здруженија и фондации, утврдени со оваа програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Град Скопје за 2022 година, како и преку други форми и активности за обезбедување на финансиска поддршка за нивно реализирање.

**8.** Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа програма.

**9.** Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број _____

__________ 2022 година

Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за носење на оваа Одлука е члeн 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), согласно кој Советот е надлежен да донесе правни акти.

Програмата за работа на Град Скопје од областа на соработка со Граѓански здруженија и фондации за 2022 година, пред се е насочена кон реализирање на активности на Град Скопје во делот на соработка со граѓанските организации и тоа преку спроведување на работата на Центарот за НВО Скопје, организација и одржување на  интернет страната на НВО на Град Скопје - НВО Порта, како и осовременување на постојните капацитети на НВО Центарот на Град Скопје, со поставување на технички можности за лајф стриминг на настани кои ќе се одржуваат во самиот НВО Центар од страна на граѓанските организации и фондации. Со тоа, Град Скопје ќе им се овозможи на граѓанските здруженија во време на пандемија на Ковид 19 да имаат поголема можност за извршување на сопствените замисли и потреби.

Исто така, се планира да се реализира трансфер кон невладини организации преку објавување на јавен повик за реализација на проекти и поддршка на манифестации од интерес на Град Скопје, преку обезбедување на транспарентно финансирање на иницијативи и програми на здруженија и фондации, во кој јасно се дефинирани критериумите и областите од интерес на Градот Скопје.

Проектите кои ќе бидат поддржани од Секторот за Меѓународна соработка и соработка со граѓански здруженија и фондации ќе имаат можност, своите реализирани проекти да ги престават пред градската администрација и Советот на Град Скопје на настан организиран во втората половина на месец декември.

Со цел, успешно реализирање на предвидените активности во оваа програма, во Буџетот на Град Скопје за 2022 година предвидени се средства во вкупен износ од 3.900.000,00 денари.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената програма.